08-84/2019

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Упфилд Еуропе БВ (Upfield Europe BV), со седиште во Насаукаде 3, 3071, Холандија, ЈЛ Ротердам, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески  и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Упфилд Еуропе БВ (Upfield Europe BV), со седиште во Насаукаде 3, 3071, Холандија, ЈЛ Ротердам, ќе стекне директна и единствена контрола над Аривија СА (Arivia S.A.), со седиште во Индустриска Зона на Синдос, ДА 13, ОТ31, Б'ФАСИ, ГР 570 22, Општина Делта, Солун, Грција по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 07.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Упфилд Еуропе БВ (Upfield Europe BV), со седиште во Насаукаде 3, 3071, Холандија, ЈЛ Ротердам, со која Упфилд Еуропе БВ ќе стекне директна и единствена контрола над Аривија СА (Arivia S.A.), со седиште во Индустриска Зона на Синдос, ДА 13, ОТ31, Б'ФАСИ, ГР 570 22, Општина Делта, Солун, Грција по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Упфилд БВ** е дел од групата компании контролирани од холдинг-компанијата Upfield Group B.V („Групација Упфилд"). Групацијата Упфилд е глобален производител на маргарин и други намази, кремови, алтернативи за млечни кремови и растителни масла.

Групацијата Упфилд е крајно контролирана исклучиво од KKR & Co. Inc. компанија основана според законите на државата Њујорк, со главна канцеларија на 9 Вест 57ма Улица, Њујорк, 10019, САД ("ККР"). KKR е глобална инвестициска фирма, која нуди широк спектар на алтернативни средства и други инвестициски производи на инвеститорите и нуди решенија на друштвата учесници на пазарите на капитал, нејзиното портфолио компании и други клиенти. Приватните фондовина ККР инвестираат во компании во различни сектори. XXX[1]

**Аривија СА** е производител на растителни млечни производи и алтернативи на сирење без млеко по прифатлива цена и во најразлични вкусови и формати. Аривија СА е првенствено извозна компанија со повеќе од 300 вработени. Аривија управува со фабрика за производство во Северна Грција со капацитет на производство од 2.500 тони месечно. Аривија нема регистрирани подружници, продажни канцеларии или претставништва во Северна Македонија.

XXX

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**